Komercijalna banka

Orce Nikolov 3, 1000 Skopje
Republic of North Macedonia
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
+389 2 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

**Комерцијална банка АД Скопје**
**Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност**
Васил Иљоски бр.3
1000 Скопје

**Измена на Понуда за преземање**

Комерцијална банка АД Скопје, банкарска институција регистрирана во Република Северна Македонија со службена адреса на Васил Иљоски бр.3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст „Банката"), во име и за сметка на ОИЛКО КДА Скопје, со седиште на ул.10 бр.152 Миладиновци - Илинден, со ЕМБС 6178774 (во понатамошниот текст „Преземачот"), во согласност со член 16, 20, 29 став (1) точка 2) и 30 став (3) точка 2) од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РСМ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), ја дава следнава

**Измена на Понудата за преземање**
(Понудата за преземање беше објавена во дневниот весник "Слободен печат" и во Службен весник на Р. Северна Македонија бр.44 на ден 22.02.2024 година)

1. Точка 5 од Понудата за преземање на акции од Макпетрол АД Скопје се менува и гласи:

   "Рокот на прифаќање на понудата за преземање започнува од денот на првото објавување на понудата за преземање, и ќе заврши 35 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 22.02.2024 година и завршува на 27.03.2024 година."

2. Точка 6, став 2 од Понудата за преземање на акции од Макпетрол АД Скопје се менува и гласи:

   "Најмала количина на обични акции со право на глас, на кои се однесува понудата за преземање, која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна, е 100 обични акции со право на глас, што претставува 0,09% од вкупниот број обични акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје. Притоа, ОИЛКО КДА Скопје и физичките лица кои дејствуваат заеднички со него би поседувале најмалку 25,45% од вкупниот број обични акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје."

3. Сите останати точки од Понудата за преземање на акции од Макпетрол АД Скопје остануваат непроменети.

Скопје, 05.03.2024 година

Комерцијална банка АД Скопје

________________________

комерцијална банка
АД СКОПЈЕ 498